ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-795/4**

**Дата: 14.11.2013**

**ДО**
**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на Демократска партија на Турците на Македонија (во натамошниот текст ДПТМ) на сметката за редовно работење.

Не е вршена е ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на ДПТМ на сметката за редовно работење за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ДПТМ за 2012 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со извршената ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ги констатиравме следниве состојби:

- проценувањето на позициите во билансот на состојба и признавањето на приходите и расходите не се врши според начелото на модифицирано настанување на деловните промени;
- не е извршен попис на паричните, материјалните средства, ситниот инвентар, побарувањата и обврските, а за опремата добиени како донација не ни беше презентиран акт за начинот на нејзиното стекнување и изјава за висината на дадената донација;
- утврдивме нереално проценување на приходите и расходите во финансиските извештаи;
- преку благајната на партијата, во готово извршени се набавки на добра и

***Ревизорски тим:*** ***Овластен државен ревизор***

*1.* ____________________

*3.* ____________________ __________________________

услуги во износ од 1.190 илјади денари што претставува 39% од вкупно направените трошоци во 2012 година.

Дадени се препораки до одговорните лица на партијата за надминување на утврдените состојби.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации;
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони и

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 14 и 15 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за редовно работење на ДПТМ која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена е ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на ДПТМ на сметката за редовно работење за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Ќенан Хасипи, претседател на ДПТМ.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ДПТМ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 22.07.2013 до 26.07.2013 година и од 27.08.2013 до 29.08.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија во состав

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ДПТМ – предмет на ревизија, одржан на ден 13.09.2013 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. За дел од опремата со која располага партијата, добиена како донација не ни беше презентиран акт за начинот на нејзиното стекнување, ниту е доставено известување за висината на донацијата од страна на давателите на истата. Утврдената состојба не е во согласност со член 15 од Законот за финансирање на политичките партии и влијае на утврдувањето на вредноста на донацијата, односно вредноста на имотот стекнат од бесплатно преотстапените материјални средства.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да преземат активности за специфицирање на опремата добиена од донации, како и обезбедување изјави од донаторите за нејзината вредност и нивно сметководствено евидентирање.

### 3.2. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

3.2.1. Со увид во деловните книги на ДПТМ утврдивме дека проценувањето на позициите во билансот на состојба и признавањето на расходите и приходите се врши на пресметковна основа, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на непрофитни организации, согласно кој проценувањето на позициите во билансот на состојба и признавањето на приходите и расходите се врши според сметководственото начело на модифицирано настанување[1] на деловните

[1] Според модифицирано настанување на деловните промени, приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумите на мерливост и расположливост, додека расходите се признаваат во пресметковниот период во кој

промени односно трансакции. Како резултат на наведената состојба, извршено е нереално проценување на дел од расходите и тоа:

- искажани се трошоци по основ на пресметана амортизација на основните средства за 2012 година во износ 770 илјади денари што не е во согласност со член 27 од Правилникот за сметководство на непрофитни организации[2] ;
- утврдивме двојно искажани трошоци во износ од 89 илјади денари по основ исплатени надоместоци за патни трошоци;
- повеќе искажани трошоци за набавка на гориво во износ од 31 илјади денари за кои нема приложено документација;
- помалку искажани трошоци во износ од 43 илјади денари по основ на платени а неевидентирани фактури,
- искажани се приходи во износ од 3.126 илјади денари по основ на членарини, донации, од Буџет на Република Македонија и камати. Со увид во приливите на средства на сметката на ДПТМ утврдивме дека партијата во 2012 година остварила приходи во износ од 4.849 илјади денари. Помалку искажаните приходи во износ од 1.723 илјади денари се неевидентирани приходи од претходна година.

Ваквиот начин на евидентирање на приходите и расходите не е во согласност со член 13 од Законот за сметководство на непрофитни организации има за ефект податоците во финансиски извештаи да не се реални и објективни.

**Препорака:**

Лицето одговорно за сметководствената евиденција на партијата проценувањето на трошоците и приходите на партијата да го врши согласно принципот на модифицирано настанување на деловните промени.

### Биланс на состојба

3.2.2. Политичките партии како непрофитни организации на крајот од годината согласно член 16 од Законот за сметководство на непрофитни организации и член 30 од Правилникот за сметководство на непрофитни организации се должни да извршат усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот. ДПТМ нема извршено попис, односно не се утврдени фактичките состојби на паричните средствата, материјалните средства, ситниот инвентар, побарувањата и обврските, поради што ревизијата не беше во

настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[2] За износот на пресметаната амортизација се намалуваат и средствата и изворите на финансирањето.

можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните податоци во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Одговорното лице да преземе мерки и активности за спроведување на попис на средствата и нивно усогласување со сметководствената состојба.

3.2.3. За покривање на трошоците на партијата во 2012 година преку благајната исплатени се 1.190 илјади денари, односно 39% од вкупно направените трошоци се исплатени во готово. Со увид во евиденцијата на благајната и приложената документација ги утврдивме следниве состојби:

- не се води благајнички извештај и нема хронолошка евиденција на промените,
- од сметката на партијата во благајната се уплатени 779 илјади денари, а приложени се документи за исплата на трошоци во износ од 1.232 илјади денари. Разликата од 452 илјади денари е искажана како обврски пренесени во нареден период, иако истите се веќе платени (објаснувачки белешки 4.3.3.1.);
- од формално - правен аспект приложената документација не е уредна односно на сметкопотврдите не е наведен корисникот на прометот/услугите, нема опис на набавките по вид, количина и цена;
- набавени се производи и услуги во вкупен износ од 119 илјади денари, чии поединечни износи го надминуваат законски дозволениот лимит од 6 илјади денари.

Утврдените состојби не се во согласност со член 10 и член 20 од Законот за платен промет, член 10 од Законот за сметководство на непрофитни организации и член 13 од Правилникот за сметководство на непрофитни организации, не овозможува континуиран увид во состојбата на средствата во благајната и создава услови за покривање на трошоци кои не се во функција на партијата.

**Препорака:**
Одговорното лице за материјално - финансиското работење на партијата да преземе активности за обезбедување на веродостојна сметководствена документација за секоја деловна промена како и нејзино хронолошко евидентирање.

3.2.4. Проценетата вредност на постојаните средства во износ од 15.694 илјади денари е нереално и необјективно искажана поради следниве состојби:

- возило кое е добиено како донација во август 2007 година, не е евидентирано во сметководствената евиденција иако има уредна документација и проценета вредност од 1.284 илјади денари;
- возило е евидентирано во помал износ од 244 илјади денари за износот на ДДВ кој не е вклучен во набавната врдност;

- не е евидентирана компјутерска опрема набавена во 2012 во износ од 33 илјади денари;
- вкупно пресметанта амортизација во износ од 2.906 илјади денари е по стапки кои не се не се усогласени со Годишните стапки за отпис на долгорочните средства за непрофитни организации предвидени со Правилникот за сметководство на непрофитни организации.

Утврдените состојби не се во согласност со член 14 од Законот за сметководство на непрофитни организации и член 20, 22, 27, 29 од Правилникот за сметководство на непрофитни организации поради и има за ефект изработка на нереални и необјективни финансиски извештаи.

**Препорака:**
Одговорното лице за сметководствената евиденција на партијата да презeме активности за:

- реално проценување на основните средства според набавната вредност;
- пресметка на амортизација според стапките за отпис предвидени со Правилникот за сметководство на непрофитни организации, како и пресметка на ревалоризација на истите.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупни ефекти од изнесените наоди во точките 3.1. и 3.2., чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата се нереална проценка на дел од опремата со која располага партијата, добиена како донација како и нереална проценка на позициите во финансиските извештаи, поради не примена на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење – за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Демократска партија на Турците на Македонија на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Демократска партија на

Турците на Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[3]". До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер. Утврдената состојба предизвикува политичката партија да изврши прилагодување на потребните информации за обезбедените донации, односно за истите да извести во рамки на Годишниот извештај за добиените донации за 2012 година[4], и да не ги објави на својата веб страница или на друг соодветен начин да ги направи достапни до јавноста.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

[3] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

[4] Годишниот извештај за добиените донации за 2012 година е доставен до Државниот завод за ревизија и Управата за јавни приходи во законски пропишаниот рок и содржи податоци за добиените парични средства од сите приватни извори на финансирање на политичката партија (членарини, донации и приходи од камати).

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

5.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[5]". Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[6] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа". За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции ".

[5] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[6] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481- Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

5.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија” број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија” број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија” број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоре наведените законски акти.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.1. | 3.124 | 2.371 |
| Вонредни приходи | 3.1.2. | 2 | |
| **Вкупно приходи** | | **3.126** | **2.371** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 3.2.1. | 2.991 | 1.367 |
| Други расходи | 3.2.2. | 32 | 123 |
| Помошти донации и други давачки | | - | 10 |
| **Вкупно расходи** | | **3.023** | **1.500** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.3.1. | **103** | **871** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки** | | | |
| Парични средства | 4.1.1.1. | 3.115 | 2.296 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1.2. | 7 | 7 |
| Материјали, резервни делови, ситен инвентар | 4.1.1.3. | 15 | - |
| **Вкупно парични средства и побарувања** | | **3.137** | **2.303** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1.1. | 15.694 | 16.464 |
| **Вкупно материјали резервни делови и ситен инвентар** | | **15.694** | **16.464** |
| **Вкупна актива** | | **18.831** | **18.767** |
| **Пасива** | | | |
| **Краткорочни обврски** | | | |
| Добавувачи | 4.3.1.1. | 100 | 18 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **100** | **18** |
| **Пасивни временски разграничувања** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1.2. | 103 | 0 |
| Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | | 0 | 573 |
| **Вкупно пасивни временски разграничувања** | | **103** | **573** |
| **Долгорочни обврски** | | | |
| Други долгорочни обврски | 4.3.2.1. | 524 | 72 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **524** | **72** |
| **Извори на деловни средства** | | | |
| Деловен фонд | 4.3.3.1. | 17.233 | 17.233 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **17.233** | **17.233** |
| **Резервен фонд** | 4.3.3.2. | 871 | 871 |
| **Вкупна пасива** | | **18.831** | **18.767** |